**Универзитет Скопје**

**УТМС Институт за бизнис и менаџмент**

# Програма за работа
# УТМС Институт за бизнис и менаџмент
# 2024-2027 година

Јануари 2024 година

# Содржина

Вовед ........................................................................................................ 3
1. Визија, мисија, цели и приоритети ........................................................... 3
2. Наставно-образовна дејност ..................................................................... 5
3. Стручно-апликативна дејност ................................................................... 7
4. Кадровски, просторни и технички услови за работа ................................ 9
5. Научно-истражувачка дејност ................................................................... 11
6. Меѓународна соработка ............................................................................. 12
7. Издавачка дејност ...................................................................................... 12
8. Промотивни активности - Подобрување на видливоста и препознатливоста 13

# Вовед

Програма за работа на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент за 2024-2027 година е подготвена врз основа на стратешките цели и начелата на транспарентност, партиципативност и инклузивност.

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент во основа се занимава со научно - истражувачка работа (основни, применети и развојни истражувања), експертска, едукативна и консултантска работа и афирмација на добрите пракси.

Главната цел и придобивка од постоењето на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е проактивно учество во градење на јавното разбирање на одржливиот бизнис и менаџмент, преку стратешки пробив на агендата за одржливост, која придонесува за компатибилност со просперитетни економии и здрави нации.

На УТМС Институт за бизнис и менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, планирана е реализација на научноистражувачка дејност и образовен процес на втор и трет циклус на студии согласно ЕКТС во научно-истражувачките подрачја, полиња и области дефинирани во Меѓународната Фраскатиева класификација.

Имено, станува збор за дејноста на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент во областа на научно-истражувачките подрачја на општествените, природно-математичките и техничко-технолошките науки, во научно-истражувачките полиња економија, организациони науки и управување (менаџмент), правни науки, образование, математика, информатика, индустриско инженерство и менаџмент, во научно-истражувачките области економија, маркетинг, менаџмент, банкарството, сметководство, претприемништво, информатички технологии, статистика и останати области од наведените научноистражувачки полиња.

Со настава на втор и трет циклус на студии УТМС Институтот за бизнис и менаџмент ќе започне по исполнување на одредбите во член 22 од Законот за високото образование.

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е основан со Одлука за основање од Сенатот на УТМС бр. 02-66/1 од 07.02.2018 и Решението за исполнетоста на условите за почеток со работа и дејноста издадено од Министерството за образование и наука на РСМ бр. 16-763 од 18.05.2018. Елаборати за акредитација на студиски програми на втор циклус студии ќе бидат поднесени за акредитација во јануари 2024 година.

# 1. Визија, мисија, цели и приоритети

## 1.1. Визија

Визијата на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент во состав на Универзитетот Скопје, во рамките на научно-истражувачкиот и образовниот процес во Република Македонија, е да овозможи создавање на автономен, научно-истражувачки и високообразовен Институт, кој ќе одговори на современите барања во научно-истражувачката, апликативната и наставната дејност, во рамките на научно-истражувачките подрачја природно- математичките науки, техничко-технолошките науки и општествените науки, обезбедувајќи услови за континуиран развој на

надградување на знаења и на доживотно образование, определен за постигнување на европските норми и стандарди во сите области на своето дејствување.

## 1.2. Мисија

Мисијата на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент на Универзитетот за Скопје е создавање на предуслови и реализација на научни истражувања и едукација на компетентни стручњаци, во областа за која УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е основан, препознатливи на пазарот на услуги, чии резултати значајно влијаат на унапредувањето на економските појави и стопанството.

## 1.3. Основни стратешки цели

Основната стратешка цел на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент подразбира програмско и оперативно функционирање на факултетот базирано на светските стандарди и критериумите за квалитет во високото образование.

При изготвувањето на Програмата за работа на Институтот, а особено при утврдувањето на конкретните обврски и задачи содржани во неа, посебно внимание се обрна на неколку оперативни цели:

- ✓ Целокупната дејност на Институтот да се насочи во функција на градење на компетенциите на студентите;
- ✓ Да се постигне висок степен на теоретско знаење кај студентите преку интерактивен приод во остварувањето на наставните цели;
- ✓ Перманентно насочување на студентите кон развивање на практични вештини за нивно полесно делување на пазарот на трудот;
- ✓ Да се обрне поголемо внимание на дидактичко-методската надградба на професорите за поуспешно реализирање на предметните планови и програми; и
- ✓ Унапредување на соработката со стручни соработници од практиката со соодветни компетенции.

Стратешките определби се воспоставени земајќи во предвид целосно придржување до европските стандарди пропишани со Болоњската декларација. Истите се прифатени и имплементирани со менторство на Факултетот за менаџмент во туризмот и угостителството во Опатија во рамките на Универзитетот во Риека, Република Хрватска.

## 1.4. Приоритети

Остварувањето на мисијата и целта на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент на Универзитетот Скопје е возможна само доколку Институтот, на институционално ниво и долгорочно делува како динамична, критична и активна, научноистражувачка и образовна институција, отворена за општествени, научни и образовни промени, но, исто така, како академски автономна и идеолошки независна научна и образовна организација. Притоа, евалуацијата на постојниот и идниот сопствен научноистражувачки и човечки капитал е фундаментална вредност и гаранција за успех во остварувањето на мисијата и целите на Институтот.

Врз основа на тоа, потребно е да се поттикнува мобилноста и институционалната поддршка за развој на доживотни истражувачки кариери на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар, одговорна примена на актите

за обезбедување на квалитет како облик за поддршка и мотивација на таленти, вештини, знаење и напори на сите заинтересирани страни кои го сочинуваат човечкиот капитал на Институтот. За полесна имплементација на мисијата и целите ќе придонесат следните насоки на дејствување на Институтот:

- ✓ посветеност кон највисоките стандарди во научните истражувања во областа на општествените, природно-математичките и техничко-технолошките науки;
- ✓ вклучување во европскиот круг на научноистражувачки и високообразовни институции;
- ✓ развој на највисоки истражувачки и етички начела;
- ✓ континуирано зајакнување на компетенциите на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар и привлекување на кадар со пошироко-национално, регионално и меѓународно реноме;
- ✓ високо ниво на квалитет во истражувањата и практиката, науката и образованието;
- ✓ наставна дејност која ги подготвува студентите да одговорат на предизвиците на пазарот на трудот и промените во опкружувањето.

Со настава на втор и трет циклус на студии УТМС Институтот за бизнис и менаџмент ќе започне по исполнување на одредбите во член 22 од Законот за високото образование.

Воедно, УТМС Институтот за бизнис и менаџмент ќе ги следи достигнувањата, правците на развој и ќе го проучува европскиот и светскиот високообразовен простор за подготовка на проекти за акредитација на студиски програми во рамките на научната област за која е основан.

## 2. Наставно-образовна дејност

Главните правци на делување на наставно-образовната дејност на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент ќе бидат во научно-истражувачките подрачја на општествените, природно-математичките и техничко-технолошките науки, во научноистражувачките полиња економија, организациони науки и управување (менаџмент), математика, информатика, индустриско инженерство и менаџмент, во научноистражувачките области економија, маркетинг, менаџмент, банкарството, сметководство, статистика, претприемништво, информатички технологии и т.н.

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент соработува со индивидуалци, компании, организации, институции, од национално и меѓународно ниво, со цел да се обезбеди синергија и дијалог во заедничкиот потфат и процес на решавање на современите национални и глобални предизвици преку истражување, развој и примена на одржливи решенија за развој на економијата и испорака на резултати што ги бараат целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals-SDGs).

Клучни цел на делување на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент во наставно-образовната дејност претставува реализација на меѓународни студиски програми на втор и трет циклус на студии согласно ЕКТС, во соработка со високообразовни и научноистражувачки институции.

## 2.1 Студиски програми

Приоритетна определба на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е усогласеност на студиските програми со европската рамка на високото образование преку обезбедување на координираност со студиските програми по бизнис менаџмент од европските универзитети, а со тоа создавање на можности за мобилност и меѓу институционална соработка при студирањето и истражувачката работа. Имајќи ја оваа основна премиса вградена како суштинска појдовна основа на студиската програма, значајно е да се каже дека таа кореспондира со европскиот високообразовен систем. Застапените предмети во голема мера ќе бидат компатибилни со соодветните на слични студиски програми на универзитетите во Европа. Поделбата на задолжителни и изборни исто така адекватно се вклопува со европскиот модел, креирајќи флексибилна рамка за избор на патека на студирање и прилагодување на програмата на потребите и афинитетите на студентот.

Студиската програма на оваа насока ќе биде дизајнирана по моделот на современи студиски програми, а во продолжение се прикажани три високо рангирани европски универзитети за усогласување на студиската програма.

- Студиска програма Менаџмент на Carlos III University of Madrid, Graduate School of Business and Economics (https://www.uc3m.es/postgraduate/programs).
- Студиска програма Менаџмент на University of Leeds, Leeds University Business School (https://business.leeds.ac.uk/masters).
- Студиска програма Бизнис менаџмент на University of East Anglia, Norwich Business School (https://www.uea.ac.uk/about/norwich-business-school).

Целта на студиската програма ќе биде да произведе магистри кои ќе бидат оспособени за водење на деловни организации и заради тоа, содржините покрај актуелните теориски теми ги вклучуваат и најновите практични знаења. Во студиската програма главен акцент ќе биде даден на предмети од областа на организационите науки и управување, и опфаќа теми како што се претприемништво, иновации, меѓународен, финансиски и стратегиски менаџмент. Покрај тоа, во програмата се ќе бидат застапени и менаџмент информациските системи, менаџментот на промени, глобализацијата и маркетинг менаџмент пристапот за донесување на одлуки, кои се најактуелни во областа на организационите науки.

ПРЕДЛОГ СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

**Табела 1.** Распоред на предмети по семестри и години за академските студии

| Реден број | Код на предметот | Назив на наставен предмет | Семестар | Неделен фонд на часови | | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | П | В | |
| ПРВА ГОДИНА | | | | | | |
| 1. | О511 | Методологија на научно истражувачка работа | Прв | 45 | 30 | 7 |
| 2. | ВМ511 | Современ менаџмент | Прв | 45 | 30 | 7 |
| 3. | ВМ512 | Иновации и претприемништво | Прв | 30 | 30 | 6 |
| 4. | | Изборен предмет од Табела 8.2 | Прв | 30 | 30 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | | Изборен предмет од Табела 8.2 | Прв | 30 | 30 | 5 |
| 6. | | Магистерски труд | Втор | | | 30 |
| **Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за година** | | | | 180 | 150 | 60 |

**Табела 2.** Изборни наставни предмети на студиската програма

| **Вид на изборен наставен предмет** | Број |
|---|---|
| Изборни наставни предмети од Листата на изборни предмети предложена од единицата | 2 |
| Изборни наставни предмети кои единицата ги ги обезбедува од Универзитетска листа на изборни предмети | 2 |

| Ред. Бр. | Код | Назив на предметот | Семестар | Неделен фонд на часови | | ЕКТС | Од која единица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Предавања | Вежби | | |
| 1. | BM513 | Деловно лидерство | Прв | 30 | 30 | 5 | Институт за бизнис и менаџмент |
| 2. | BM514 | Менаџмент на промени | Прв | 30 | 30 | 5 | Институт за бизнис и менаџмент |
| 3. | E517 | Корпоративни финансии | Прв | 30 | 30 | 5 | Економски факултет |
| 4. | E518 | Маркетинг менаџмент – пристап за донесување на одлуки | Прв | 30 | 30 | 5 | Економски факултет |
| Вкупно: | | | | | | 20 | |

## 2.2 Наставен план и календар на активности

Наставниот план ќе го претстави организирањето на академската година на Институтот и усогласеноста со сите други единици при Универзитетот Скопје.

# 3. Стручно-апликативна дејност

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е посветен кон афирмација и реализација на колективна акција со партнерите и клиентите, за:

- ✓ решавање на проблемите од заеднички интерес;
- ✓ идентификација на решенија за позитивни структурни и културни промени, кои се потребни во бизнисот и менаџментот во современото работење;
- ✓ размена на знаење;
- ✓ поттикнување на дебати;
- ✓ иновативни размислувања, развој на размислување на долг рок, независно размислување; креирање на вредности, генерирање на верувања;
- ✓ тимска посветеност, и грижа за другите.

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент промовира унапреден пристап за полесна транзиција од линеарен концепт на економија како прескап и неодржлив на долг рок, кон кружен концепт на економија кој се однесува на поефикасно искористување на материјалните ресурси, преку задоволување на социјалните, економските и еколошките аспекти карактеристични за современите поколенија и грижа за идните поколенија.

Стручно-апликативна дејност на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент опфаќа неколку сфери:

*Експертска сфера*

- ✓ Подготовка на експертски мислења, ревизии, извештаи, проекти и др.;
- ✓ Експертизи кои се однесуваат на одржливи финансии, пристапи кон стратешко водство, претприемништво, градење на капацитети и организациски промени.

*Консултантска сфера*

- ✓ Наменско дизајнирани консултантско-советодавни услуги;
- ✓ Помагање на индивидуалци и организации во истражување, подготовка и финализација на документација за учество во регионални, меѓународни и европски проекти;
- ✓ Помагање на индивидуалци и организации во процесот на користење на финансиски средства од европски и други меѓународни фондови.

*Сфера на добри пракси*

- ✓ Промоција и негување на принципот на „работа-студирање" на студентите во текот на нивниот студиски престој на универзитетите;
- ✓ Промоција и развој на волонтерската пракса за создавање на квалитетни човечки ресурси со високи морални и етички вредности, и високо изразена грижа за другите;
- ✓ Воведување на награди за модели на извонредност во работењето на компаниите.

*Гости – предавачи во наставата*

Политиката за успешност на Универзитетот го обврзува и Институтот да организира настава на таков начин што истата ќе се доближи што е можно повеќе кон практиката. За таа цел дел Институтот предлага активности за посета во успешни претпријатија или во претпријатија кои имаат можност да ја промовираат апликативната вредност на теоретските знаења што студентите ги добиваат на часовите, во секојдневниот живот на бизнис секторот. Исто така, од бизнис секторот ќе бидат поканети професионалци, тесно специјализирани во областите кои се предмет на дискусија во наставата, за да одржат предавања по соодветни теми согласно искуството на професионалците од практиката.

*Обуки*

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент организира специјализирани обуки и работилници на актуелни теми од областа на бизнис менаџментот, наменети за компании, млади претприемачи, студенти, како и за јавни институции и организации. При изведување на обуките се води од програмските определби на Универзитетот. Една од темите за обуки која ќе се одржи во организација на Институтот е: Претприемачки менаџмент и бизнис планирање.

Обуката ќе биде еднодневна, дизајнирана за ученици од средно училиште и за студентите на Универзитетот. Програмата е лесно разбирлива и ќе им овозможи на учесниците да ги подобрат своите знаења за претприемаштвото, клучните претприемачки карактеристики, концептот на интрапретприемаштво, методите за генерирање и селекција на квалитетни бизнис идеи, клучните менаџерски улоги и вештини и стиловите на раководење, фазите во процесот на планирање, структурата

на бизнис планот и факторите на кои се заснова конкурентската предност на одредена бизнис идеја, при што потенцирана ќе биде потребата од создавање и одржување на конкурентската предност кај бизнисите во современите услови на функционирање.

Целта на обуката е со правилно насочување на енергијата, континуирано надградување на сопствените знаења и вештини и целосно искористување на личните потенцијали и потенцијалот на пазарот, младите можат да бидат успешни претприемачи и креатори на сопствената иднина.

# 4. Кадровски, просторни и технички услови за работа

## 4.1 Наставнички и соработнички кадар

Институтот го има обезбедено потребниот академски кадар со кој соодветно (според областите на наставно-научните звања и научно истражувачката дејност) го гарантира еден од најважните предуслови за квалитетна реализација на наставниот процес. Притоа, најголем дел од наставниците ќе бидат од Економскиот факултет, но и останатите единици на Универзитетот Скопје.

| Р.бр. | Префикс, име и презиме | Наставно научно звање |
|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Аце Миленковски | Редовен професор |
| 2. | Проф. д-р Зоран Ивановски | Редовен професор |
| 3. | Проф. д-р Наташа Ристовска | Редовен професор |
| 4. | Проф. д-р Далиборка Блажеска | Редовен професор |
| 5. | Проф. д-р Валентина Муцунска Палевска | Редовен професор |
| 6. | Доц. д-р Гордана Серафимовиќ | Доцент |
| 7. | Доц. д-р Нина Ангеловска Станков | Доцент |

## 4.2 Просторни и технички услови за работа

Список на простории со површина што ќе се користат за реализација на активностите и студиската програма:

| Р.Б. | Вид и намена на простор | Број | Број на места | Површина $m^2$ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Амфитеатри | 3 | 172 | 550 |
| 2. | Предавални | 5 | 370 | 492 |
| 3. | Канцеларии | 14 | 56 | 324 |
| 4. | Студентски прашања | 1 | | 92 |
| 5. | Компјутерска лабораторија | 1 | 28 | 45 |
| 6. | Читална и библиотека | 1 | 12 | 50 |
| 7. | Депо за библиотека | 1 | | 30 |
| 8. | Интернет центар | 1 | 4 | 20 |
| 9. | Фотокопир | 1 | | 18 |
| 10. | Простории на туристичка агенција | 1 | 8 | 45 |
| 11. | Конференциска сала | 1 | 30 | 50 |
| 12. | Приемна канцеларија | 1 | 6 | 36 |
| 13. | Лабораторија за практична настава | 1 | 18 | 161 |
| 14. | Двор | 1 | | 21 |
| Вкупно | | | | 1934 м$^2$ |

Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста:

| Ред. Бр. | Опрема и наставни средства | Вид | Намена | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Седишта во амфитеатри и предавални | Инвентар | За употреба во настава | 992 |
| 2. | Седишта во библиотека и читална | Инвентар | настава | 70 |
| 3. | Проекциони платна | Наставно средство | настава | 14 |
| 4. | Табли | Нставно средство | настава | 8 |
| 5. | Канцелариски и работни бироа | Инвентар | За наставен и ненаставен кадар | 18 |

Список на информатичко – технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста:

| Ред. Бр. | Информатичко – технички ресурси | Вид | Намена | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Компјутери | ИТ ресурс | За настава, компјутерска лабораторија, за непречен интернет пристап за студенти | 135 |
| 2 | Проектори | ИТ ресурс | За употреба во настава | 14 |
| 3 | Печатари | ИТ ресурс | За наставен и ненаставен кадар | 16 |
| 4 | Копири | ИТ ресурс | За наставен и ненаставен кадар | 3 |
| 5 | Смарт табли | ИТ ресурс | За употреба во настава | 2 |
| 6 | CD, DVD, плеери | ИТ ресурс | За употреба во настава | 15 |
| 7 | Сараунд системи | ИТ ресурс | За употреба во настава | 13 |
| 8 | Звучници | ИТ ресурс | За употреба во настава и ненаставни активности | 100 |
| 9 | ЛЦД телевизори | ИТ ресурс | За употреба во настава | 14 |
| 10 | Скенери | ИТ ресурс | За употреба во настава | 4 |
| 11 | Комплет професионална камера | ИТ ресурс | За употреба во настава | 1 |
| 12 | Професионални фотоапарати | ИТ ресурс | За употреба во настава | 3 |
| 13 | Клима уреди | ИТ ресурс | Инфраструктура | |
| 14 | Систем за аларм, видео и аудио надзор и контрола на пристап | ИТ ресурс | Инфраструктура и безбедност | 1 |
| 15 | Рутери за интернет | ИТ ресурс | Инфраструктура | 7 |
| 15 | Систем за евиденција и оценување на студентите | ИТ ресурс | Евиденција на наставни и ненаставни активности | 1 |

# 5. Научно-истражувачка дејност

Приоритетите во Научно-истражувачка сфера на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент се:

- ✓ Развивање на научно-истражувачки и образовни модели за далечинско и доживотно образование и истражување;
- ✓ Развивање на современи форми на обука и стекнување на вештини;
- ✓ Прилагодени решенија за учење, кои се резултат на работа со организации и нивните тимови, за да се дизајнираат содржини и програми за задоволување на многу специфичните потреби на индивидуалните професионалци и на организациите;
- ✓ Организирање на широк спектар на домашни и меѓународни научни трибини, конференции, семинари, работилници;
- ✓ Развој на иницијативи за истражувања во областа на финансискиот менаџмент, одржливо лидерство, менаџмент со знаење, менаџмент со човечки ресурси, итн.;
- ✓ Евалуација на примената на научно-истражувачките достигнување.

Во контекст на научно - истражувачката дејност, кадарот и студентите од втор циклус ќе бидат вклучени во научни проекти, наставниот кадар ќе остварува учество на меѓународни и домашни научни конференции и ќе објавува научни трудови во меѓународни научни списанија индексирани во релевантни бази на податоци.

Во таа насока, Институтот е одговорен за организација на Меѓународниот научен конгрес ICON BEST кој се реализира на секои две години со цел да ги истакне улогата и значењето на бизнисот, економијата, спортот и туризмот во националниот економски развој. Овој меѓународен научен настан нуди платформа за дискусија на академската заедница, истражувачите и докторантите за иновативните пристапи во економијата, претприемништвото, туризмот, управувањето со човечки ресурси, маркетингот и информациските технологии, а во насока на поттикнување решенија засновани на силни научни основи и современо бизнис знаење.

Во 2024 година ќе биде организиран овој конгрес 9-ти пат под наслов Shaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow на 18 ти Ноември во просториите на УТМС (https://iconbest.utms.edu.mk/). Следното 10-то издание на ICONBEST ќе биде организирано во Ноември 2026 година.

Предвидено е кадарот да пријавува учество и на други релевантни меѓународни научни конференции, но да предлага соработки за ко-организирање на регионални научни конференции со партнерски институции.

Институтот ќе се залага за учество во самофинансирачки проекти и проекти финансирани од различни програми и фондови вклучувајќи Erasmus, Horizon, Interreg, и други регионални и национални фондови.

## 6. Меѓународна соработка

Меѓународните стандарди недвосмислено укажуваат на потребата за оспособување на идните магистри за професионално делување во меѓународни рамки. Во таа насока, УТМС Институтот за бизнис и менаџмент ќе се фокусира на неколку активности од меѓународен карактер:

1. Учество на студентите и кадарот од Институтот во програмата Еразмус+.
2. Склучување на договори за соработка со сродни институти во регионот:
   - ✓ Polytechnic Institute of Cávado and Ave (IPCA), School of Management, Porto Portugal
   - ✓ Универзитет Софија, Факултет за економија и бизнис администрација, департман за бизнис администрација

Меѓународната соработка ќе се одвива во сите релевантни области на дејствување, со институции од научно-истражувачката дејност и високото образование- Универзитети, Институти, Академии и други неформални организации.

## 7. Издавачка дејност

Развој и унапредување на издавачката дејност се одвива преку публикација на списанија, монографии, разни прирачници за самостојно учење, се со цел да се овозможи лесен пристап до информации од јавен карактер и осознавање на состојбата на достигнувањата во науката.

Во контекст на издаваштвото, Институтот за бизнис и менаџмент е одговорен за континуираното издавање на меѓународното научно списание –UTMS Journal of Economics. UTMS Journal of Economics е меѓународно списание за мултидисциплинарни научни истражувања. Списанието се издава двапати годишно (јуни и декември) и има меѓународен научен уредувачки одбор. Се објавуваат внимателно селектирани, оригинални и актуелни економски трудови, рецензирани од најмалку два анонимни рецензенти. UTMS Journal of Economics е со отворен пристап (open access), без претплата и надоместоци.

Предвидено е кадарот да објавува научни трудови и во други меѓународни научни списанија како Business Management, Bulgaria и Ekonomska Istrazivanja-Economic Research, Croatia.

Задолжителната и дополнителната литература која е предвидена во рамките на предлог студиските програми за акредитација на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е поставена на електронски портал. Електронската библиотека располага со бројни изданија од областа на бизнисот, претприемништвото и менаџментот. Примероците во библиотечниот фонд се на македонски јазик, англиски и други јазици, и истите им стојат на располагање на кадарот, но ќе бидат достапни и за студентите од втор циклус за изработка на семинарски работи, проектни задачи и магистерски трудови.

# 8. Промотивни активности - Подобрување на видливоста и препознатливоста

Постоењето на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент како посебна единица во рамките на Универзитетот и специфичната методологија на работа континуирано се промовираат во опкружувањето во текот на целата академска година во координација со годишната универзитетска маркетинг кампања.

Во врска со јавноста на работата на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е поставена посебна веб-страница (https://ibm.utms.edu.mk/) на која континуирано се објавуваат сите важни информации поврзани со дејноста на Институтот и други информации од јавен карактер корисни за стручната и научна јавност

Во насока на промоција на Институтот, се планираат и низа специфични активности од страна на кадарот: учество на манифестации, конференции, семинари од областа на бизнисот и менаџментот, како и членство во асоцијации и организации кои го поддржуваат и поттикнуваат бизнис менаџментот преку одредени традиционални настани и договори за меѓусебна соработка.

Проф. д-р Наташа Ристовска